Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-366
Дата: 06.04.2026 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на член 200 став 1 точка 14 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25, 124/25), во врска со извршениот вонреден инспекциски надзор над работењето на Друштво за производство трговија транспорт и услуги МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 3, ламела 3, локал 10 Скопје, Кисела вода, со ЕМБС 4648226, ЕДБ 403993129721, одговорно лице Миланчо Дамевски, со адреса на живеење на ул. Павел Шатев бр. 3-1/20 Скопје, Кисела вода, ЕМБГ 0709987450117, врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-366 од 02.04.2026г. го донесе следното:

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

## **Р Е Ш Е Н И Е**

**1. СЕ НАРЕДУВА на** Друштво за производство трговија транспорт и услуги МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 3, ламела 3, локал 10 Скопје, Кисела вода, да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник бр. 29-366 од 02.04.2026г. и тоа:

1.1 Да изгради систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух како и да постави во најблиската станбена зона која се наоѓа во правецот на ветерот најмалку една мерна станица за квалитетот на амбиентниот воздух согласно со А-интегриранаата еколошка дозвола.
Рок: 90 (деведесет) дена од приемот на решението.

1.2 Во временскиот период до извршувањето на мерката 1.1 од решението, да постапува со задолжително внимание и да ги превземе сите пропишани мерки за справување со емисиите на прашина во амбиентниот воздух од работата на инсталацијата, на начин со кој ќе спречи појава на густ облак прашина која се шири во околината.
Рок: веднаш по приемот на решението.

**2.** Субектот на инспекциски надзор од точките 1. на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по

истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

[redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 95 и 107 од Законот за животната средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши вонреден инспекциски надзор над Друштво за производство трговија транспорт и услуги МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 3, ламела 3, локал 10 Скопје, Кисела вода и состави Записник бр. 29-366 од 02.04.2026г., во кој е констатирано дека:

Вонредниот инспекциски надзор е извршен врз основа на Барање за вршење инспекциски надзор, доставено од Министерот за животна средина и просторно планирање, по доставена претставка од физичко лице со наводи дека “со активностите на работата на сепарација, каменолом, асфалтна база на субјектот МИСА МГ Скопје – Подружница асфалтна база се дига прашина која му создава здравствени тегоби”.

Субјектот на надзор е оператор на инсталацијата за производство на асфалт и ископ, дробење и сеење на минерална суровина никел, варовник и дијабаз, носител на А-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3-138/2021 од 25.02.2022г. и Б-Интегрирна еколошка дозвола бр. 08-1182/9 од 22.008.2019г. која е составен дел на А-Интегрираната еколошка дозвола.

Во време на надзорот вршат активности на дробење, мелење, сеење на минерална суровина-варовник, од линија за сепарација со бр. 3 утврдена во дозволата. Асфалтната база не е активна во време на надзорот, таа работи во дисконтинуитет, по потреба зависно од нарачките. Линиите на сепарација кои се во работа се обезбедени со спреери во дробилката и ситото, заради навлажнување на материјалот и контрола на емисиите на прашина. Инсталацијата има активно присуство на камиони кои доаѓаат од капиталниот пат, се движат по внатрешните сообраќајниици, вршат утовар на материјал на местото на складирање на фракциите тампон. Навлажнувањето на патиштата како мерка се извршува, во согласност со временските услови, а надзорот е извршен во време на пролет со пониски темпертури и повисока влажност заради врнежи во овој период од годината.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

И покрај тоа, видливи се зголемени емисии на прашина во амбиентниот воздух кој се шират во околината, предизвикани и од ветерот кој е присутен на локацијата во време на надзорот, од движењето на тешките товарни возила како и од работата на линијата за сепарација.

[redacted]

Субјектот на надзор редовно спроведува мониторинг на емисиите на прашина во амбиентниот воздух, но резултатите се однесуваат исклучиво за периодот на мерење кој е 24 часовен и е со фреквенција два пати во годината, што значи дека мониторинг се извршува два дена во годината, а инсталацијата е оперативна цела година.

Овие мерења и резултати, имајќи ги во предвид постојаните поплаки на граѓаните, не ја отсликуваат реално состојбата во текот на работењето на инсталацијата.

Заради променливиот карактер на изворите на емисија пропорционални со временските услови и интензитетот на работата на инсталацијата, особено што доаѓа период на суво време и високи температури, а во услови на подолгорочни поплаки за нејзината работа, потребно е обезбедување на континуиран систем на мерење на амбиентната концентрација на прашина, односно поставување на опрема за континуирано мерење на концентрациите на прашина во амбиентниот воздух, со цел да се утврди дали емисиите на прашина се во границите на пропишаните вредности од А-дозволата.

Во А-интегрираната еколошка дозвола во точка 6.1.5 е пропишан следниот услов: Согласно Член 47 став 1 од Законот за Амбиентен воздух, за Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, 1. Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени со државната и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух како и да поставaт во најблиската станбена зона која се наоѓа во правецот на ветерот најмалку една мерна станица за квалитетот на амбиентниот воздух согласно со интегрираната еколошка дозвола.

Согласно член 111 став 2 од Законот за животната средина: Носителот на А-Интегрираната еколошка дозвола е должен да ги почитува сите услови од дозволата при користењето и управувањето со инсталацијата.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности и недостатоци од работењето на субјектот на инспекцикиот надзор: <u>Од работата на инсталацијата се емитира видлива прашина во амбиентниот воздух, заради што е потребно</u>

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

исполнување на услов 6.1.5, точка 1. од А-интегираната еколошка дозвола, односно да се утврди дали емисиите од инсталацијата се испуштаат согласно граничните вредности утврдени во дозволата, во текот на целото нејзино работење.

[redacted]

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.

За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор